# ЗАПИСНИК

**од одржаната Јавна расправа за**

**Студија за оцена на влијание на проектот “Реконструкција и адаптација на објекти во комплекс за производство на пилешко месо: одгледувалиште на матични и родителски јата “Гиновци”, инкубаторска станица Гиновци” и одгледувалиште за бројлери “Псача”, Општина Ранковце, врз животната средина**

На ден 31.03.2023 година во салата на Советот на Општина Ранковце, со почеток во 11.30 часот се одржа Јавна расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната средина за проектот „Реконструкција и адаптација на објекти во комплекс за производство на пилешко месо: одгледувалиште на матични и родителски јата “Гиновци”, инкубаторска станица Гиновци” и одгледувалиште за бројлери “Псача”, Општина Ранковце.

Јавната расправа ја организираше Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Општина Ранковце и инвеститорот Фреш Фуд Интернејшнал согласно законските барања за активно учество на јавноста при донесување на одлуки во поглед на започнување на проекти.

**Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред:**

**Отварање** - Јавната расправа ја отвори и ја водеше г-дин Александар Петковски, Помошник Раководител на сектор за животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. Господин Петковски даде краток осврт на постапката за оцена на влијание врз животна средина и објасни дека МЖСПП го задолжи Инвеститорот да изработи Студија за оцена на влијанието врз животната средина по добиено Писмо за известување за намерата за изведување на проектот, согласно Законот за животна средина. Изготвувач на ОВЖС Студијата се Експертите за ОВЖС од Друштвото за технички консултантски услуги “ЕкоМозаик” од Скопје. Ја истакна и важноста да се слушне мислењето на јавноста што претставува основна цел на јавната расправа.

Претставникот на МЖСПП и даде збор на г-ѓа Славјанка Пејчиновска – Андонова како потписник на Студијата, да даде кратко резиме на главните наоди од истата. Г-ѓа Пејчиновска – Андонова даде краток преглед на целта на Студијата за ОВЖС и методолошкиот пристап при подготовка на Студијата, истакнувајќи ја важноста од спроведувањето на проектот како за Инвеститорот, така и за општината и локалното население.

Г-ѓа Тања Николовска, Експерт за ОВЖС од тимот на ЕкоМозаик, ја презентираше локацијата на проектот (одгледувалиште на матични и родителски јата “Гиновци”, инкубаторска станица Гиновци” и одгледувалиште за бројлери “Псача”) и техничките карактеристики на проектот со осврт на главните технолошки процеси.

Г-ѓа Пејчиновска - Андонова, ги презентираше планираните проектни активности за реконструкција/адаптација на објектите и начинот на идентификација на потенцијалните влијанија врз медиумите и областите на животната средина од реализација на проектните активности, критериумите за нивна оценка како и најзначајните медиуми кои ќе бидат афектирани од проектните активности. Продолжи со презентирање на главните влијанија од проектните активности врз: површински и подземни води, воздух, почви, создавање на различни типови на отпад и управување со истиот, биодиверзитет, бучава и вибрации, пејзажни и визуелни аспекти, природно, културно и археолошко наследство, кумулативни влијанија и социо – економски аспекти (здравјето и безбедност на локалната заедница и работниците; влијанија врз економијата, влијанија врз вработеноста; влијанија и аспекти поврзани со работната сила). За идентификуваните

влијанија беа презентирани најважните мерки за спречување и ублажување на влијанијата врз животната средина во сите фази на спроведување на проектните активности, со посебен акцент на идентификуваните најдобри достапни техники (НДТ) кои ќе бидат имплементирани во техничките решенија.

За следење на реализацијата на мерките предложени во Студијата за секој медиум поединечно, Експертот г-ѓа Андонова го презентираше Мониторинг Планот со параметри за следење на ефектите од применетите мерки за ублажување на влијанијата и дека истиот овозможува воспоставување на врска помеѓу сите вклучени страни и основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат соодветни одлуки. На крај, ја истакна оправданоста на проектот и значењето за заедницата и регионот.

Потоа беше отворена сесија за поставување на прашања и дискусија по однос на презентираните наоди.

**Дискусија:**

**Прашање: Г-ѓа Соња Пешевска,** граѓанин, ја истакна важноста на реализацијата на проектот во однос на идните вработувања во одгледувалиштата во Гиновци и Псача.

**Одговор: Г-дин Бурим Џелили**, управител на Фреш Фуд Интернешнал, одговори дека во инсталацијата е планирано да се вработат вкупно 96 вработени, на различни позиции, а дел од нив ќе бидат вклучени и во подготвителната фаза на проектот.

**Прашање: Г-ѓа Славица Стефановска** од М.З Љубинци, праша дали комуналното претпријатие на општината има капацитет да ја прифати севкупната угината живина од одгледувалиштата.

**Одговор: Г-дин Џелили** истакна дека смртноста на пилињата е многу мала во услови кога се следи растот уште од самиот почеток кога јајцето се носи во инкубаторска станица и се следи од страна на обучен персонал до крај на циклусот.

**Одговор: Г-ѓа Јасмина Петешева,** Експерт за ОВЖС од тимот на ЕкоМозаик, истакна дека Агенцијата за храна и ветерина има постоечка депонија за мртви животни на територија на Општина Ранковце, во с. Љубинци која ја има предадено на управување на ЈКП Чист Ден од Ранковце, каде ќе се носи угинатата живина.

**Г-дин Александар Петковски**, од Управата за животна средина, дополни дека се планира изградба на инсталација за преработка на нус производи од животинско потекло во општина Лозово.

**Г-дин Ацо Митовски,** од Интернатионал Фреш Фоод, истакна дека јамата на АХВ која е доделена на ЈКП од Ранковце е изградена по стандарди, каде заштитата е на многу високо ниво. Тој спомена дека се очекува бројот на угинати пилиња да биде помал од 2%.

**Г-дин Блаже Никчевски** од Сектор води при МЖСПП, посочи дека ОВЖС Студијата за проектот е квалитетно подготвена, но обврска на институциите е да ја следат имплементацијата на мерките предложени во Студијата согласно законските прописи. Од аспект на заштита на водите и снабдувањето со вода од бунари, Инвеститорот треба да обезбеди Дозволи за користење на водите од двата бунари. Подготовката на документација за обезбедување на водно право е обемна и треба да се планира со време.

Во однос на емисии на отпадни води, истите ќе бидат регулирани во следната фаза при добивање на А ИЕД за инсталацијата.

**Г-дин Петковски,** потврди дека од реализацијата на проектот нема да има директни емисии на отпадни води во реципиент.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, јавната расправа ја затвори г-дин Петковски со потсетување за можноста за доставување на забелешки и коментари од страна на јавноста во однос на ОВЖС Студијата.

Општина Ранковце,
31.03.2023 година

Во прилог на Записникот:

Прилог 1 Фотографии од јавната расправа за Студијата за ОВЖС

Прилог 2 Соопштение и објава за јавна расправа за Студијата за ОВЖС за проектот

Прилог 3 Листа на присутни на јавната расправа по однос Студијата за ОВЖС за проектот

Прилог 1 Фотографии од јавната расправа за Студијата за ОВЖС







Фотографии од јавната расправа за Студијата за ОВЖС одржана на 31.03.2023 година во салата на Општина Ранковце

Прилог 2 Објави во дневни весници Нова Македонија и Коха, како и на радио БУМ Куманово за јавна расправа

Komuna e Koçanit

SHPALLJE PUBLIKE

Kryetari i Komunës së Koçanit

"МИХАЈЛО ПУПИН" - СКОПЈЕ

SHPALLJE

KËRKESË

Komisioni për zbatimin e procedurës për kryerjen e ekskursioneve në SHMET e Qytetit të Shkupit "Mihajlo Pupin" – Shkup

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Universiteti "Shën Kirili dhe Metodi" – Shkup

Fakulteti i shkencave informatike dhe inxhinierisë kompjuterike

LAJMËRIM

Universiteti "Shën Kirili dhe Metodi" - Shkup, Fakulteti i shkencave informatike dhe inxhinierisë kompjuterike publikon lajmërim se më datë 10.04.2023 në ora 12:00, në amfiteatrin e Fakultetit dhe përmes sistemit elektronik të Fakultetit, do të bëhet mbrojtje publike e disertacionit të doktoratumës "Sistemet rurale për shëndet të lidhur: Dizajni i IoT sistemeve për jetesë aktive të asistuar në një mjedis rural duke përdorur LoRaWAN dhe sensorë jo invazivë" paraqitur nga kandidati Mr. Ace Dimitrievski, mentori Prof. Dr. Vladimir Trajkovik, i regjistruar në Fakultetin e shkencave informatike dhe inxhinierisë kompjuterike – Shkup

Fakulteti i shkencave informatike dhe inxhinierisë kompjuterike – Shkup

LAJMËRIM

1. D-r. Filip Guçev do ta mbrojë disertacionin e doktoraturës më 06.04.2023 (e enjte) me fillim nga ora 10:00 në amfiteatrin në dekanatin e fakultetit me temë:

"Sindromi sekondar Sjegren si një nga manifestimet sistemike të artritit reumatoid: aktiviteti i sëmundjes dhe ndikimi në cilësinë e jetës"

2. M-r. Sandra Kosteska do të mbrojë disertacionin e doktoraturës më datë 10.04.2023 (e hënë) me fillim nga ora 11:00 në amfiteatrin në dekanatin e fakultetit me temë:

"Hulumtimi dhe analiza kritike e një modeli optimal për vlerësimin e rrezikut shëndetësor në mjedisin e pikave të kontaminuara industrialisht në Republikën e Maqedonisë së Veriut"

3. Dr. Imer Durmishi do të mbrojë disertacionin e doktoraturës më datë 10.04.2023 (e hënë) me fillim nga ora 14:00 në amfiteatrin në dekanatin e fakultetit me temë:

"Trajtimi i mbipeshës me aplikimin e balonave intragastrike"

4. Dr. Arjeta Raufi do të mbrojë disertacionin e doktoraturës më datë 19.04.2023 (e mërkurë) me fillim nga ora 13:00 në amfiteatrin në dekanatin e fakultetit me temë:

"Trendet në rritje, obeziteti dhe puberteti: variacione etnike dhe demografike në një grup fëmijësh meshkuj dhe femra në pjesën veriperëndimore të Republikës së Maqedonisë së Veriut"

Nga Universiteti "Shën Kirili dhe Metodi" në Shkup
Fakulteti i Mjekësisë - Shkup

Министерство за животна средина и просторно планирање
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Është humbur diploma e Adem Sulejmanit nga SHMQSH Cvetan Dimov – Shkup dhe e njëjta shpallet të pavlefshme.

Shitet tokë me sipërfaqe prej 3000 m2. Toka gjendet në hyrje të fshatit Nikushtak të Komunës së Likovës. Çmimi sipas marrëveshjes. Tel: 070247480.

Објава за јавна расправа во „КОХА“

Медиа план за рекламирање
на Радио Бум Куманово

- Клиент

Интернационал Фреш Фоод доо

- Проект

Реконструкција и адаптација на објекти во комплекс за произвотство на пилешко месо одгледувалиште на матични и родителски јата ,,Гиновци " , инкубаторска станица ,,Гиновци" и одгледувалиште за бројлери ,,Псача" општина Ранковце.

- Период на емитувања
  27.03.2023 – 31.03.2023

- Термини на емитувања
  07:30, 09:15, 11:10, 12:30, 14:15

- Вкупно на емитувања
  25 емитувања

Март 2023
Куманово

ТРД Радио Бум
Игор Авдоновиќ

РАДИО БУМ ДООЕЛ Куманово

Објава на Радио Бум Куманово

Прилог 3 Листа на присутни на јавната расправа по однос Студијата за ОВЖС за проектот

ЕкоМозаик ...нанія до нанія

Fresh International Food

## Листа на присутни

на јавна презентација на ОВЖС Студија за проектот "Реконструкција и адаптација на објекти во комплекс за производство на пилешко месо: одгледувалиште на матични и родителски јата "Гиновци", инкубаторска станица Гиновци" и одгледувалиште за бројлери "Псача", Општина Ранковце

дата: 31.03.2023 (петок)

| Ред. Бр. | Име и презиме | Институција | Позиција | Контакт телефон | E-mail |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Соња Пешевска | Ранковце | | 078-282-939 | pesevskasonja@gmail.com |
| 2. | Славица Стефановска | М.З. Луковица | граѓанин | 071 581 556 | slavica.stefanovska[illegible] |
| 3. | Ивона Филиповска | Ранковце | | 078-453-833 | ivonafilipovska@yahoo.com |
| 4. | Зорица Стаменковска | Ранковце | граѓанин | 070 327-918 | |
| 5. | Наташа Нешевска | Ранковце | граѓанин | 072-231-810 | / |
| 6. | Далибор Цветановски | Псача | граѓанин | 078-245-609 | CVETANOVSKI_DALIBOR@YAHOO.COM |
| 7. | Славица Митевска | МЗ Опила | | 075-425-428 | mcaci82@yahoo.com |
| 8. | Сања Стојановска | Гиновци | граѓанин | 078 310 434 | sanja.davidovska@hotmail.com |
| 9. | Јонче Спасовски | с. Ранковце | граѓанин | 076-786-998 | / |

Мозаик ...мајка до мајка

Fresh Food International

| Бр. | Име и презиме | Институција | Позиција | Контакт телефон | E-mail |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Јанче Павловски | МЗ Савеоница | Савеоница | 077-380-221 | / |
| 11. | Ненад Петковски | Салко фарма | Сменоводител | 071/525-424 | немам |
| 12. | Моме Крстевски | Општина Ранковце | Раководител на одделение за урб. | 078 229 851 | mome.krstevski@rankovce.gov.mk |
| 13. | Борис Спасовски | Општина Ранковце | Градоначалник | 075/208/270 | dimanic.rankovce@gmail.com |
| 14. | Александар Петковски | МЖСПП | пом. сектор за заштита | 076/455 460 | a.petkovski@moepp.gov.mk |
| 15. | Бланце Никчевски | МЖСПП | П. Соработник | 076/435-614 | b.nikcevski@moepp.gov.mk |
| 16. | Сашо Илиќ | МЖСПП | рак. на одд. | 072/205-160 | s.ilic@moepp.gov.mk |
| 17. | Славјанка Петрушевска Андонова | Екомозаик | кон. за ш. ср. | 078 365-598 | slavjanka@ekomozaik.com |
| 18. | | | | | |
| 19. | Тање Николовски | ЕкоМозаик | конс. за жив. сред. | 070709616 | tanje@ekomozaik.com |
| 20. | | | | | |

Мозаик

Fresh Food

| Р. бр. | Име и презиме | Институција | Позиција | Контакт телефон | E-mail |
|---|---|---|---|---|---|
| 21 | БУРИМ ЏЕЛИЛИ | ИНТЕРНАЦИОНАЛНА [illegible] | УПРАВИТЕЛ | 076222131 | burim.xhelili@fresh-food.com |
| 22. | НИКОЛА БОШНЕСКИ | ИНТЕРНАЦИОНАЛНА [illegible] | ПРАВНИК | 075239461 | nikola.boshki@fresh-food.com |
| 23. | ЈАСМИНА ПЕТЕШЕВА | ЕКО МОЗАИК | Дипл.инж.геолог | 078472990 | jasmina_hane@yahoo.com |
| 24. | АЦО МИТОВСКИ | ИНТЕРНАЦИОНАЛНА [illegible] | ДИРЕКТОР | 075282561 | aco.mitovski@fresh-food.com |
| 25. | | | | | |
| 26. | | | | | |
| 27. | | | | | |
| 28. | | | | | |
| 29. | | | | | |
| 30. | | | | | |
| 31. | | | | | |